РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-3525/3
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на шестата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

## *Одлука*

Постапката по предметот со број 08-3924/1 од 21.07.2023 година, СЕ ЗАПИРА.
Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошнно надлежно постапување на ДКСК по предметот со број 08-3924/1 од 21.07.2023 година.
Предметот со број 08-3924/1 од 21.07.2023 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## *Образложение*

Предметот со број 08-3924/1 од 21.07.2023 година е оформен по сопствена иницијатива, врз основа на постапување на ДКСК по предмет од областа на спречување на корупцијата оформен по пријава и заведен под број 12-5102/1 од 19.05.2022 година.
ДКСК изврши проверка на вистинитоста на податоците од анкетниот лист на ______________________, градоначалник на општина __________________.
ДКСК од _________________________ побара податоци за членовите на неговото семејство со кои живее во заедничко домаќинство.
За _________________________ и за членовите на неговото семејство, ДКСК прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и од Централниот регистар на Република Северна Македонија.

По разгледување и анализа на добиените податоци од наведените институции како и податоците од анкетниот лист на ______________________________, поднесен по избор на функцијата градоначлалник на општина ______________________, ДКСК утврди дека нема елементи за нејзино натамошно надлежно постапување.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: З.Б. , заменик претседател на ДКСК